ПРЕДЛАГАЧИ: група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,септември 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено: / E pranuar: 20. 09. 2024

| Орг. Един. Njësia. Org. | Број Numër | Прилог Shtojce | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 08 | 4526/1 | | |

**ДО**

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**

**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, по скратена постапка.

**ПРАТЕНИЦИ:**

Антонијо Милошоски

Пеце Милевска

Миле Лефков

Драган Ковачки

Марија Митева

Бојан Стојаноски

Љупчо Пренџов

Бране Петрушевски

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (*) („Службен весник на Република Македонија” број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 191/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 70/19, 98/19, 302/20, 122/21 и 33/24), во Главата ,,IX. Организација и задачи на совети за безбедност на сообраќајот на патиштата“, уредено е функционирањето на Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, во Републиката односно општински совети за безбедност на сообраќајот на патиштата како посебни општински тела, односно совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во градот Скопје, во општините и градот Скопје. Предвидени се основните аспекти сврзани со работата на овие тела, нивните задачи и начин на финансирање.

Со Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата се доуредува бројот на членови во Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, кој во постојниот Закон не е регулиран.

Исто така со Предлогот се регулираат и условите за именување на Претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Со Предлогот се зголемува процентот од 30% на 45% од средствата за модернизација на уредите и опремата на надлежната организациска единица во Министерството за внатрешни работи која врши контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата согласно потребите и барањата од Министерството за внатрешни работи

Имајќи го предвид ова, согласно начелото на економичност и ефикасност, со предложената законска измена е предвидено зголемување на ефикасноста во работењето, а со тоа и намалување на бројот на избрани и именувани лица што ќе има позитивни финансиски импликации во Буџетот.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предложениот закон е утврдување на број на членови и намалување на бројот на избрани и именувани лица што ќе има позитивни финансиски импликации во Буџетот.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од државниот Буџет.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Член 1

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (*) („Службен весник на Република Македонија” број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 191/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 70/19, 98/19, 302/20, 122/21 и 33/24), во членот 372 став (1) зборовите: „Претседателот и членовите“ се заменуваат со зборовите: „Претседателот и 18 членови“.

Член 2

По членот 372 се додава нов член 372-а кој гласи:

„Член 372-а

За Претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија,

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,

4) активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).“.

Член 3

Во членот 374 став (2) бројот „30“ се заменува со бројот „45“.

Член 4

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија да поднесе Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата  за именување претседател и членови согласно со овој закон најдоцна во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Со именувањето на претседателот и на членовите на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, согласно одредбите од овој закон, им престанува мандатот на претседателот и членовите на на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата кои се именувани согласно со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (*) („Службен весник на Република

Македонија” број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 191/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 70/19, 98/19, 302/20, 122/21 и 33/24).

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог на законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата содржи 6 члена.

Со членот 1 се изменува и утврдува бројот на членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Со членот 2 се додава нов член 372-а се регулираат и условите за именување на Претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Со членот 3 се уредува зголемување на процентот од 30% на 45% од средствата за модернизација на уредите и опремата.Со членот 3 зголемува процентот од 30% на 45%.

Со членот 4 се задолжува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија да поднесе Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за именување претседател и членови согласно со овој закон

Со членот 5 им престанува мандатот на претседателот и членовите на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата кои се именувани согласно со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата(*) („Службен весник на Република Македонија” број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 191/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 70/19, 98/19, 302/20, 122/21 и 33/24).

Со членот 6 се уредува влегувањето во сила на законот.

### II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

### III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се обезбедат усогласени одредби на Законот.

# ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 372

(1) Претседателот и членовите на Републичкиот совет ги именува Собранието на Република Северна Македонија, а на општинските совети - советот на општината, односно Советот на градот Скопје, по предлог на Републичкиот совет од редот на заинтересираните државни органи, институции и правни лица, како и истакнати експерти од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

(2) Членовите на советите од ставот (1) на овој член, се именуваат за време од четири години, со право на повторно именување за уште еден мандат.

Член 374

(1) За остварување на задачите од членот 371 од овој закон, Републичкиот совет донесува Годишна програма која ќе се финансира:

- во висина од 1,5% од надоместокот што се наплатува за технички преглед при регистрација на возила;

- во висина од 1% од средствата што се наплатуваат за регистрација на моторни и приклучни возила од надоместокот за употреба на јавните патишта (патна такса).

(2) Заради зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата Републичкиот совет е должен секоја календарска година 30% од средствата утврдени во ставот (1) на овој член, да ги намени за модернизација на уредите и опремата на надлежната организациска единица во Министерството за внатрешни работи која врши контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата согласно потребите и барањата од Министерството за внатрешни работи.

(3) За остварување на задачите на членот 371 од овој закон, Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, односно Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата во град Скопје, донесува Годишна програма, која се усвојува од страна на Советот на општината, односно Советот на градот Скопје.

(4) Финансиски извештај и извештај за реализираните активности од Годишната програма, Републичкиот совет доставува до Собранието на Република Северна Македонија.

(5) Финансиски извештај и извештај за реализираните активности од Годишната програма, Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, односно Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата во градот Скопје, доставува до Советот на општината, односно Советот на градот Скопје.